## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 ноември 1999 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Дами и господа пратеници, Почитувани гости,

Дозволете ми од мое и од Ваше име да го поздравам претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров. (Аплауз).

Да го извинам отсуството на претседателот на Владата на Република Македонија и да ги поздравам членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, ректорите на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје и на Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола, поглаварот на Македонската православна црква, Архиепископот Охридски и Македонски Господин Господин Стефан, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија Хаџи Сулејман Ефенди Реџепи, бискупот на Скопско - Призренската бискупија д-р Јоаќим Хербут и шефовите на странските дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Го молам претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров да му се обрати на Собранието.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван господине Климовски, почитувани пратеници, екселенции, почитувани гости, дами и господа,

Благодарам за можноста да се обратам пред Вас и пред македонската јавност на крајот, на скоро деветгодишниот период како претседател на Република Македонија.

Должноста претседател на Републиката ја презедов во почетокот на 1991 година, период кога нашата држава се уште се наоѓаше во рамките на некогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, но веќе како неминовен се назираше распадот на Федерацијата.

Во мојот инаугурален говор на Собранието по изборот за претседател, изложувајќи ја мојата платформа, која не беше ништо друго туку едноставно платформа на граѓаните кои живеат во Македонија, ветив тогаш дека ќе ги вложам сите сопствени усилби и сите умствени, психофизички и човечки напори да и го вратиме достоинството на Македонија, да бидеме свои на своето, да бидеме широко отворени кон светот, како целосно независен рамноправен и творечки субјект. Сега на крајот на мојот мандат можам мирно да кажам дека јас тој завет пред Македонија го исполнив. Можеби не онака како што сум посакувал, или сум се надевал дека може да се променат некои односи на Балканот и Југоисточна Европа, особено кога станува збор за некои односи во земјата како и такви кои не зависат само од нас. Но, обзирнувајќи се наназад и кон се она што мина, можам да бидам горд на Македонија и на нејзиниот народ за трпеливоста со која ја градевме нашата држава, за вербата во нас самите и во нашиот идеал, нашата држава да биде самостоен меѓународен субјект, таа наша Македонија да ја внесеме во семејството на Обединетите Нации. Верувавме во неа дури и тогаш кога не оспоруваа, кога не негираа, не ни ја признаваа државата, ни се оспоруваше идентитетот, нашето име, нашиот јазик.

Пак да речам горд сум што знаевме да ја чуваме Македонија и да не дозволиме да не вовлечат во ниту една од оние крвави војни на поранешните југословенски простори, во кои не сакавме да учествуваме, а создадовме се што можевме и знаевме, да ги избегнеме, Нашата Македонија за нас беше и е исполнување на вековните идеали, борби за неа со илјадници знајни и незнајни положени животи за таа држава, Македонија премногу за нас значи како единствен начин за наше опстојување и за остварување на нашиот идентитет и за идентитетот на нашите браќа и сестри кои останаа надвор од нејзините граници, во други држави за да не можеме едноставно да се коцкаме со неа. Нашиот идеал од секогаш бил да создадеме самостојна суверена Република Македонија.

Тоа треба да го имаат на ум сите. Таа споредба не смее да се злоупотребува поради какви и да се политички цели, а понекогаш дури и лични, кои се помалку важни од она што е интерес на нашата држава. Никој не може да каже дека било кој политички лидер во Република Македонија се залага за зачувување ка југословенската федерација.

Уште во мојата пристапна беседа како ново избран претседател, носејќи чувство за историска пресвртница во која треба да се донесат судбоносни одлуки, посочив дека се со работа, повторно како и во минатото за нашата судбина, да сочуваме се што е спечалено со неброените жртви, изградено со огромен труд, пред се слободата на Македонскиот народ и на неговата од Самоила и Крушевската Република, прва држава на Македонскиот народ.

Во однос на тогашна СФРЈ се заложив за слободно одлучување на Република Македонија со кого ќе живее, во каква евентуална асоцијација ќе се најде и како ќе се вклучи во заедницата на европските здружени народи. Во тие насоки и врз таква платформа беше нашето учество во разговорите што се водеа со републичките раководства во поранешната СФРЈ.

Во таа насока и врз таа платформа беше и нашето учество на Хашката конференција, а подоцна и на Лондонската конференција. И од тоа, ниту тогаш, а и до денес нема отстапување.

Обраќајќи се до Мировната конференција за Југославија во Хаг на 7 ноември 1991 година посочив: "Во нашата Република постои јасна определба својот статус во југословенската заедница и својата меѓународна позиција да ги градиме со демократски средства и врз принципите на рамноправност и меѓусебна доверба, вклучувајќи меѓусебно признавање на републиките како држави и меѓународно признавање како резултат на Мировната конференција".

Натаму, по однос на референдумот што требаше да се спроведе наредниот ден, исто така посочив дека тој референдум "треба да биде верификација на нашата политика за идното изградување на Република Македонија, која како суверена држава ќе биде оспособена да разговара и ако постојат услови за тоа, да стапи во идниот сојуз на суверени држави како една нова модерна демократска заедница".

Во суштина, тоа и се случи. Во огромен процент народот се изјасни за суверена и самостојна Македонија. Тоа, политичките лидери на оваа земја треба да го почитуваат. Овој народ имал чувство за тоа и подготвеност за огромни жртви за да оствари сопствена држава. Раководството, ќе си дозволам да оценам, било доволно мудро да го чуе тој негов глас, да го следи и да се обиде да го исполни во целост, што од тој народ му е доверен, односно да ги оствари неговите стремежи.

Ние веќе имаме самостојна држава и треба да имаме малку повеќе самосвест и самопочит, а и верба во овој народ, како што самиот тој  има верба во себе. Ако било какви однародувања, негирања, поделби се случат, не се случиле тогаш кога се немало сопствена држава, не успеале да му го избришат името, јазикот, идентитетот, тоа уште помалку и покрај какви и да се обиди ќе може да го стори некој денес. Таа страница на поделба на "фили" и "фоби" треба да се затвори и со токму тоа македонската свест кај себе по решително и по отворено да се пристапи кон дијалог со другите националности кои живеат во Република Македонија и преку взаемно почитување и толеранција да се договорат за заедничкиот живот.

Без оглед на кој ентитет некој припаѓа, верувам дека во Република Македонија интерес на сите е интегрирање во Европската Унија и во НАТО. За тоа има сеопшт партиски консензус, но и поддршка од граѓаните. За тоа, повеќе пати сум говорел посочувајќи ги причините за таквата определба. Но, покрај сите политички причини, заради демократски развој на општеството, економски причини и пристап на еден огромен пазар, безбедносни причини, одбегнување на анахрони војни за територии, граници и модернизација на Армијата, има и цивилизациски причини за тоа: прифаќање на семејството на европските народи, каде што и припаѓаме. Имаме што и да дадеме на тоа семејство.

Но, постојат и национални причини што не смеат да се заборават и тоа кај секој ентитет, дека живеејќи заедно во обединета Европа со тенденцијата границите да бидат се по формални, по лесни за преминување на луѓе, на стоки, на капитал, да ги оствариме и нашите идеали за заедништво со нашите собраќа во другите држави. А, на Балканот, сите нации се разделени.

Заложбата за Европа е заложба, меѓу другото за национално зближување, духовно и културно, за постигнување колку е можно изедначен степен на демократски и економски развој и тоа Република Македонија е признаено и прифатено од сите, без оглед на националната припадност. Притоа е битно и кај нас да се втемелува граѓанскиот принцип, како што тоа е во демократска

Европа.

Но, да се вратиме повторно на деновите кога се создаваше суверена и независна Република Македонија, кога се гледаше дека распадот на СФРЈ е неминовен, а особено дека ќе биде крвав. Се обидовме, нудејќи ја тогаш Платформата Глигоров - Изетбеговиќ да направиме последен напор за преуредување на односите на некогашна СФРЈ, со единствена цел да се избегне војната. И тоа не беше обид за зачувување на Југославија. Тоа беше обид да се создадат шест суверени независни Републики, со можност секоја од нив да стане членка на Обединетите нации, а кои ќе уредат како заедничко само еден минимален дел на меѓусебните односи, да не се баш прекине се што е создавано во текот на неколку децении.

За тоа се покажа дека нема подготвеност. Исходот од таквиот крвав распад на Југославија е познат. До ден денес го чувствуваме како силно оптоварување врз нашата севкупна стабилност и се уште актуелна закана. Видливи се и економските последици од таквата севкупна нестабилност, што за жал најтешко го погодува токму граѓанинот.

Но, без оглед какви и да беа обидите да бидеме вовлечени во војна, опстанавме врз нашата принципиелна мирољубива политика. Го донесовме Уставот на 17 ноември 1991 година. Врз таа темелна вредност ги уредивме односите внатре во државата и односите со светот. Неговите конкретни решенија имаат одредби што ќе ги проверуваат времето и практиката. Но, сметам дека концептот, онака како што го определува Уставот, е доволна рамка за само потврдување и реализирање на граѓаните преку почитување на нивните основни човечки права, слободи, сосема следејќи ги современите европски тенденции во тој домен.

Анахрони се денес некои барања кои поаѓаат од некакви залагања за колективистички приод. Она на што, според мене ќе треба да се работи е духот на Уставот да се преточи во актуелни закони, посебно во оние кои регулираат некои од односите и правата на националностите, како и во рамките на Законот за локалната самоуправа.

По овие два фундаментални акти, Референдумот и прогласувањето на Уставот на Република Македонија преостана и целосно обезбедување на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Тоа претполагаше напуштање на Југословенската народна армија на територијата на нашата држава и во исто време, со прогласување на Уставниот закон, во сила стапи одредбата дека служењето на воениот рок на регрутите и служењето на воената обврска во резервниот состав ќе се врши во Вооружените сили на Македонија. Тоа налагаше и напори да се обидеме да ги вратиме сите наши војници кои, служејќи тогаш во Југословенската народна армија, беа на некои од воените жаришта, со цел да се зачуваат нивните млади животи.

Обидувајќи се да одбегне било каква воена разврска на нашето осамостојување, склучивме договор со Југословенската народна армија за нејзино мирно заминување од Македонија. Цената на тоа беше голема, целосно изнесување од страна на Југословенската народна армија на оружјето и другата воена и не само воена опрема со која таа располагаше на територијата на Република Македонија. Но, добивката беше избегнување на крвави разврски со таа Армија, какви што доживеаја некои други Републики, преземање на контролата на сите гранични караули и со тоа остварување на територијалниот интегритет на Република Македонија и создавање сопствени вооружени сили со граѓанска контрола врз нив, сопствена Армија што денеска остварува партнерски однос со НАТО.

Во периодот по осамостојувањето, што значеше обезбедување на сите други атрибути што една држава ги има, следеше и макотрпниот процес на меѓународното признавање на Република Македонија, со низата притисоци, уцени и закани, блокади и слични недозволени средства во оневозможувањето на постигнување на таа цел. Тоа беше заради инсистирањето на Република Грција на оневозможување за употреба на нашето уставно име во меѓународната комуникација.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

Позицијата на Република Грција во Меѓународната заедница особено во Европската Унија беше таква што користејќи го сопственото право на вето најпрвин се спротивстави на одлуката на Арбитражната комисија на Европската Унија, тоа беше под раководство на уважениот професор и политичар, правник господинот Роберт Бадентер. И на тој став опстоеше и понатаму заради сопствената блокада, се дури Унијата не го префрли проблемот во Обединетите Нации.

Не прифаќајќи да се направи преседан во меѓународните односи и на една држава да и се наметне име Генералното Собрание донесе резолуција со која изврши признавање на Република Македонија и утврди референца со која ќе и се обраќа на оваа држава во сопствената комуникација со

неа. Тие избегнаа да речат дека тоа значи некое ново име за Македонија, туку само начин на обраќање на таа земја која еве има некаков спор околу името со една членка на Обединетите Нации и дури тој спор со арбитража генералниот секретар на Обединетите Нации и неговите посредници не се реши, останува таа референца во комуникацијата со органите на Обединетите Нации.

Длабоко верував, а тоа често ми се забележува дека ваквата непримерна ситуација ќе трае кратко и дека сепак ќ» има правичност која не дозволува оспорување на чиј и да е идентитет. Не е познато во историјата на Обединетите Нации да е наметнато име на било која држава, која станала членка на Обединетите Нации. Тоа е прв случај со нас. Верував и се уште верувам длабоко би рекол во принципот на самоопределување. Но, таа ситуација еве веќе потраја до денес. Иако во меѓувреме е склучена времената спогодба со Република Грција, која ги деблокира односите меѓу Скопје и Атина, разговорите што од самото признавање се водат во рамките на Обединетите Нации, за изнаоѓање решение за разликата околу името, не навестуваат дека се доаѓа до суштинско приближување.

Она што како позитивен исход можам да го наведам, а тоа е значајно, тоа е што е дефинитивно прифатено дека на Република Македонија може некој да и наметне име. Се поголем број на државници, вклучително и од Европската Унија и САД во преписка со мене ми се обраќаат како на претседател на Република Македонија. Времето си го чини своето. Преку половина од државите со кои воспоставивме дипломатски односи на ниво на амбасадори, не признаа како Република Македонија. Меѓу нив и некои многу значајни членки на Обединетите Нации, како што е Руската Федерација или Народна Република Кина. Можеби е премногу да очекувам Република Грција и нејзиното сегашно, како го оценуваме модерно европски настроено раководство, дека ќе ја прифати реалноста кога станува збор за нашето име, кое впрочем со ништо не ја загрозува Република Грција. Иако на нивните демонстрации во Атина од милион луѓе, во Солун од 500 илјади луѓе, главната парола беше: "Сета Македонија е наша". Од таа парола може да се види кој има територијални претензии, а ние никаде такво нешто не направивме, ниеден собир, ниедна демонстрација во која ќе кажеме дека Грција е територија од 51% од географска Македонија.

Заради нашите добри односи, заради нашето почитување и сестрано развивање на добро соседството, конечно заради нашиот заеднички интерес да бидеме заедно со Грција во Европа и во НАТО. Се надевам дека решението нема да мораме да го најдеме преку Генералното Собрание. Тоа е последниот чин кој ни стои на располагање.

Уште еднаш сакам да посочам дека оваа држава е подготвена на голем компромис со Република Грција. Готови сме да прифатиме да разговараме со Атина за изнаоѓање име, но име со кое само таа ќе ја ословува Република Македонија. Додека во Обединетите Нации и во сите билатерални односи со сите држави во светот може да важи само Република Македонија. Тој предлог иако го дадовме и по писмен пат на преговорите во Њујорк беше одбиен.

Но, без оглед на ова, благо кажано непријатност во нашите односи можам да констатирам со задоволство дека, во другите области односите се развиваат добро, би рекол и многу добро.

Би посакал таков интензитет на соработката да биде и со другите наши соседи.  Ние од почеток се заложивме за развивање максимално можни добри односи со соседите, но бес привилегија и примат на било кој од нив во Република Македонија. Се уште се свежи нашите искуства од влијанието на пропагандите што тие ги имаа во минатото, а особено на периодите на окупација, што еден или друг сосед ги вршел на територијата на Македонија. Притоа, обично се занемаруваат, кога е збор за поделбата на Македонија дека македонските воени чети, па и поголеми воени состави учествуваа во сите борби или така наречени Балкански војни, но тоа не донесе конкретно ништо за осамостојувањето и независноста на Македонија.

Но тие историски напластености не значат дека не треба да се вложат напори кај сите балкански земји, за надминување на тие историски паметења и трауми од минатото, за градење клима на доверба и почит, за прифаќање на новите реалности, новите искуства и за заедничко работење врз една поинаква иднина. Тука раководствата се оние кои треба да бидат вистински лидери на својот народ, ќе додадам само дека нашата политика, означена како еквидистанца, неправедно се сведуваше на лингвистичка анализа, еднаква одалеченост од сите. Таа значи нешто сосема спротивно, еднаква спремност за максимална соработка со сите, но без привилегија на било кој сосед на територијата на Република Македонија.

Таа политика го одразува вистинскиот интерес на Република Македонија и тоа во областа на политичките односи со соседите, а и во Меѓународната

заедница, но исто така и во областа на економијата, комуникациските врски, прифаќањето на културните различности, но и нивното проникнување како резултат на едно повеќе вековно цивилизациско заедничко опстојување на овие балкански простори.

Направено е извесно деблокирање на проблемот околу јазикот со Република Бугарија. Иако не сметам дека со тоа е постигнато и вистинско решение, бидејќи тие некои историски напластени предрасуди и натаму опстојуваат. Но, ја поздравувам готовноста заедно да работиме со Република Бугарија, како и со Република Албанија, бидејќи го остваруваме нашиот заеднички интерес во рамките на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа.

Во однос на Република Албанија со задоволство можам да констатирам дека се губи оној патерналистички однос што Тирана се обидуваше, би оценил неуспешно, да го остварува врз другите Албанци што живеат надвор од територијата на нејзината држава, со тоа и врз етничките Албанци во Република Македонија.

Сепак, нивото на политичката култура кај Албанците во Република Македонија, профилирањето на политичките партии, кои го собираат тоа население во Македонија, нивното политичко зајакнување и своевидно зреење, а со тоа и диференцирање во низа и околу некои значајни сегменти на живеењето, е факторот што придонесува меѓу Република Македонија и Република Албанија да се воспоставуваат односи врз рамноправна основа, без оглед што понекогаш постоеле обиди да се надмине таа така наречена црвена линија, што потоа би значело мешање во внатрешните работи на Република Македонија.

Нашите одгласи со Сојузна Република Југославија во овие девет години значително беа детерминирани, од она што се случуваше на просторите на поранешна СФРЈ, но и под влијание на меѓународниот фактор, кој на неколку пати воведуваше санкции кон Белград, кои беа обврзувачки и за нас. Сепак, остана нашата принципиелна определба за развивање добри односи со сите соседи, па и со Сојузна Република Југославија.

Повеќе пати сум истакнувал дека ние не ги бираме соседите со кои ќе живееме, а таа реалност мора да се прифати и да се почитува. За жал, Белград се уште тактизира со подготвеноста да ја маркираме заедничката меѓудржавна граница, оставајќи отворено едно значајно прашање, кое не е и без влијание врз вкупните односи.

Во текот на воздушната кампања на НАТО врз Сојузна Република Југославија, Република Македонија се согласи на распоредување на НАТО сили на нашата територија, кои требаа да бидат со мандат да го имплементираат мировниот договор, тогаш кога тој ќе биде постигнат.

Опстоивме на нашата почетна определба дека, не можеме да прифатиме нашата територија да биде користена за агресија врз кој и да е наш сосед, вклучувајќи ја и Сојузна Република Југославија.

Последиците од силната воздушна кампања, особено огромните штети направени врз инфраструктурните објекти во Југославија, Република Македонија ја погодуваат, исто така, бидејќи низ Југославија е нашиот најкраток пат до Европа.

Република Македонија се залага во проектите на Пактот за Југоисточна Европа што се однесуваат на оние најбитни инфраструктурни објекти, да се обезбеди нужното поврзување. Да се има предвид и Сојузна Република Југославија, која засега е исклучена од Пактот, кој од Белград бара ново демократско раководство.

Би се осврнал и на Косово, издвојувајќи го посебно, бидејќи сметам дека ова прашање заслужува една сеопфатна анализа и проценка за неговото влијание врз позицијата на Република Македонија и односите во неа.

Од почетокот на кризата се залагавме за изнаоѓање мирољубиво решение за проблемите, а решението го гледавме во дијалогот меѓу косовските Албанци и Белград. За тоа, за жал, во Белград немаше спремност.

Натаму ја поддржавме Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244 и опстојувавме во нашето залагање за нејзина доследна имплементација.

Останувањето на Косово во рамките на Сојузна Република Југославија во облик на максимално можна широка автономија, го гледам како прашање не само од интерес на Македонија, туку и на Европа пошироко, каде што речиси секоја земја има некое свое помало или поголемо Косово.

Натаму, опстојувањето на Резолуцијата 1244, според мене е особено битно, поради тоа што гарантира почитување на меѓународното право и принципите запишани во Хелсиншката повелба за не менување на границите по пат на сила.

Ова е особено важно, поради тоа што НАТО изврши воена акција врз Белград, за да обезбеди почитување на човековите права во покраината. По договорот од Куманово, НАТО влезе во Косово за да спречи хуманитарна катастрофа, не само на Косово, туку и на околните земји предизвикано од огромниот бран бегалци. Тоа денес или за некоја година, не би требало да биде користено за легализирање на една состојба, каква што е денешната на Косово, каде што практично сите врски со Белград се прекинати. Својата огромна машинерија НАТО, или евентуално некои други слични воени сојузи, ако се создадат, не би требало да биде користено како поддршка на сеционистички и слични движења. Оттука мисијата на КФОР, на Европската Унија и другите меѓународни хуманитарни организации, кои денес дејствуваат на Косово, треба да го спречи новиот егзодус под покраината на Србите, на Ромите, на Хрватите и други.

Проблемот со Косово, со воспоставувањето на своевиден протекторат, ни од далеку не е решен, напротив, отвора нови прашања за уредување на односите на Балканот.

Кога станува збор за Сојузна Република Југославија се поставува прашање, каков ќе биде статусот на Албанците во Јужна Србија, каде што последните децении се зголемува албанското население. Каков ќе биде статусот на малцинствата во Војводина, во Санџак, како ќе бидат уредени односите со Црна Гора. Така, Косово не може да се набљудува изолирано и еднострано. Да се дозволи по извесно време да се констатира дека сегашната фактичка состојба треба да биде и признаена и санкционирана. На целиот Балкан и на Европа им е потребна една нова демократизирана Југославија, врз какви основи ќе биде таквата федерација, е прашање на нејзините граѓани. Но, тоа треба да биде држава која ќе ги прифати и ќе ги почитува Европските стандарди за правата на човекот и на малцинствата, која ќе се определи за севкупна демократизација и економска трансформација.

Напорите на меѓународната заедница треба да бидат насочени за изнаоѓање на такви решенија. Република Македонија таквото свое видување да го промовира во светот и за него да се залага поаѓајќи од сопствениот пример дека, е можно во една држава да живеат и да соработуваат повеќе националности, доколку постои волја кај нив, за дијалог, почитување и толеранција.

Како таков позитивен пример, Македонија треба да ја има поддршката од меѓународната заедница и помошта на промовирање на сопствениот модел.

Дозволете само накратко да спомнам дека во изминатите девет години, паралелно со нашето интегрирање во сите меѓународни организации и институции, на постигнувањето на договорни односи со Европската Унија и слично, паралелно работевме и на воспоставување билатерални односи со низа земји. Во таа насока, за нас беше особено битно, да ги уредиме односите со ново настанатите држави, некогашни членки на поранешна СФРЈ.

Соработката со сите нив, денес се одвива добро, регулирани се оние прашања, што се од интерес за граѓаните и со нив, како и со други соседни земји, успеавме да постигнеме спогодби за слободна трговска соработка, што го прошири нашиот пазар.

Пред нас сега е еден нов проект, кој заслужува почит, внимание и целосно залагање за негова реализација. Тоа е пактот за Југоисточна Европа. Но, засега од него не треба да се очекуваат магични решенија. Пред се, бидејќи тоа е една широка рамка на спремност на Меѓународната заедница да се вклучи во обновата на регионот и да помогне во процесот на неговата стабилизација и демократизација, но се уште без прецизно разработена структура, организација, планови, проекти и што е најважно, се уште, без затворена финансиска конструкција. Неговото значење за нас сепак е огромна и бара наша активност, за промовирање на нашите интереси и проектите за соработка, што Република Македонија досега ги имаше и ги нудеше на слични регионални организации, како СЕКИ, Централна Европска иницијатива РОАЈАМОН, ЦЕФТА, Црноморската иницијатива и сл.

Оно што мене ме загрижува, е според моја проценка, извесното враќање на Република Македонија, нешто наназад, од она што го имавме како усвоена позиција. Република Македонија не учествуваше во ниту една војна. Успеа да зачува внатрешна стабилност, започнат со спроведување на реформите активно учествува во партнерството за мир, поради противењето на Република Грција, во однос на нашето име, задоцни со склучување на спогодбата за трговија со Европската Унија, што е прв чекор за уредување на односите со Унијата.

Оттука, рангирањето на Република Македонија меѓу земјите во Западен Балкан, каде што се сместени Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Југославија е еден несоодветен однос, кој, во она како што се чини е формиран еден суб регион, кој за подолго време ќе треба да биде државна страна од асоцирање во Унијата.

Пред нас веќе се 12 земји со Европски договор со Унијата.

Значи, со асоцијативно членство и сега чекаат ред на прием во Унијата. Потоа треба да дојдат овие земји од Западен Балкан и тоа може да трае со години. Иако денес тоа никој јавно нема да го изговори, инаку сосема непотребно ќе беше воведувањето нов тип на договор за стабилизација, асоцијација, како што Унијата го предвидува за земјите сместени во Западен Балкан и што е сепак по различен од асоцијативното членство врз основа на Европски договор, со кои се здобија поранешните социјалистички држави, за кои исто така важи и еволутивната клаузула, која како нареден чекор во тој договор предвидува и полно правно членство на секоја од тие земји. Тоа барем засега, не е случај и со договорот за стабилизација и асоцијација.

Дами и господа, Република Македонија успеа да се етаблира како респектабилен меѓународен субјект. Но тоа не значи дека сите предизвици се отстранети. Иако низ промовираната политика на мирољубивост, добро соседство и дијалог, за некои од отворените прашања со соседите се изнајдени половични решенија, сепак, за ниту една од нив не можеме да кажеме дека е до крај завршено и оставено во минатото.

Понатаму, Македонија е во регионот кој доживува бурна трансформација и каде што допрва треба да се уредат некои односи меѓу државите. Тоа, како и различното ниво на економски развој и на севкупно општествено и политичка и економска трансформација, во различни земји, влијае и врз Република Македонија. Од друга страна, современици сме и на големи преструктуирања на односите меѓу големите сили и интересите што повеќе или помалку ги изразуваат за доминација на еден или друг простор во светот.

Во таа насока, Република Македонија се трудеше да ја води својата меѓународна политика, поаѓајќи пред се, од својата основна определба за приклучување на земјата кон европските и евроатланските асоцијации.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

И тука Република Македонија беше цврсто определена, без изразување спремност за компромис околу такви стратегиски прашања. Тоа меѓутоа не значеше дека нема да вложуваме напори за унапредување на односите со оние држави чиј концепциски приод е поинаков од нашиот, тука мислам пред се на односите со Руската Федерација и со Народна Република Кина.

Јас за овој случај со Народна Република Кина, веќе имав можност да говорам пред Вас почитувани пратеници и не би сакал да се повторувам, но мислам дека нарушувањето на односите со Пекинг, дојде заради чин на воспоставување на дипломатски односи со Тајван, што сепак се надевам и очекувам да биде исправено во некое догледно време, заради продолжување на нашиот интерес да се залагаме за унапредување на односите со Народна Република Кина, докажан пријател на Република Македонија, исклучителен почитувач на суверeното право на нашата држава за свој идентитет, име и јазик, но и од особено прагматични причини на многу по развиени земји од нашата, не си го дозволуваат луксузот да се откажат од таков огромен пазар како што претставува Народна Република Кина, со милијарда и двеста милиони жители.

Затоа, Република Македонија мора активно да ги следи, да ги промислува и да има свој одговор на сите оние турбулентни случувања во меѓународните односи, од барањата за реконструкција на Обединетите Нации, преку се поцврстото европско интегрирање, изразено и преку заедничката валута евро, што значи и заедничка економска политика. Ако не веднаш, тоа е таа тенденција што е неизбежна. Но, од друга страна, треба да не загрижува и нашето по забавено приклучување кон оваа интеграција во односите со НАТО и релациите со новата европска безбедносна политика и слично. Тие поместувања во светот, треба да се насетат, во нив да се пронајде автентичниот македонски интерес и да се направи обид да се понудат наши македонски видувања. Почетните чекори и базата веќе ги имаме, за стратегиските определби на оваа земја постои се партиски консензус, а постои и општа граѓанска согласност околу тоа. Тие определби преостанува да бидат преточени во актуелна политика, што ќе ги следи стратегиските интереси и нема да прави непотребни отклонувања од нив. Но практика таму каде што тоа се случи, а имаме такви случаеви во нашето соседство, се создадоа услови за длабока политичка криза, сменување на влади, парламенти, и т.н. и губење огромна енергија и време што можеше да се искористи за натамошна демократизација и развој на тие земји.

За да можат да бидат тие стратегиски определби остварени, неопходно е зачувување на стабилноста во земјата. На ова давам посебно значење. А и тука сметам дека сме на добар пат, или барем се надевам дека сме на добар пат. Останувaат многу отворени прашања од меѓунационалните

односи, но тоа не значи и дека се тоа прашања за кои нема да биде најдено некое можно решение. Политиката на дијалог, за која се залагам и ја спроведував во изминатите девет години, покажа дека низ взаемна толеранција можеме да најдеме одговори на проблемите за кои некои други соседи гледаа преку нишанот на оружјето. Иако, со насилие и преку војна, сите знаеме не се решава ништо. И, по сето тоа, како што гледаме, повторно доаѓа период на договарање и преговарање.

Во инаугуралниот говор последната реченица беше "Македонија е се што имаме". Еве и денес тоа го повторувам. И ние овде, во Република Македонија и нашите сонародници во другите држави, нашите раселени сограѓани, како и иселениците по светот, за таа Македонија вредат сите жртви.

Благодарен сум му на народот, што ми ја даде довербата во овие два мандата, да бидам на чело на Република Македонија и да учествувам во судбоносните пресвртни моменти на нејзиното создавање, признавање и опстојување.

Јас и натаму ќе се обидувам, колку моите сили дозволуваат да го оддолжам сопствениот долг кон мојата татковина и кон мојот народ.

Направив онолку колку што можев и знаев, а историјата ќе цени колку е тоа.

За крај, со гордост можам да кажам дека својот завет јас го исполнив или се обидов да го исполнам.

Затоа на сите Ви благодарам за вниманието. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитувани гости, дозволете ми во името на Собранието на Република Македонија да му се заблагодарам на господинот Киро Глигоров, за обраќањето по повод заминувањето од функцијата претседател на Република Македонија.

Не сакајќи да бидам сфатен претенциозно или пак со некаква намера да дадам било какви оценки од било каков карактер, се разбира како што кажа и претседателот ќе го даде историјата, не можам а да не му ја искажам мојата, а верувам и Вашата голема благодарност во втемелувањето на независноста и самостојноста на Република Македонија, во развојот на демократските институции и процеси, во разбирањето и толеранцијата, како и во угледот што нашата држава го имаше во меѓународните односи и пред се ми се чини во зачувувањето на мирот во вртлогот на бројните воени случувања и закани на Балканот.

На почитуваниот господин Киро Глигоров му пожелувам добро здравје и можност да го користиме неговото искуство, знаење и мудрост кои се надевам и натаму ќе имаме можност да ги вградиме во понатамошната изградба на просперитетот на демократска Македонија.

Благодарам уште еднаш.

Ја затварам Дваесет и деветтата седница и го поканувам на натамошно дружење во свечениот салон. (Аплауз).

(Седницата заврши со работа во 14,30 часот).